РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3764/1 | | |

0705
ТРАЈКО
15.10.2010

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот ***фагот*** за III одделение на шестгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ФАГОТ

ОСНОВНО МУЗИЧКООБРАЗОВАНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

## 1. ВОВЕД

Целта на наставата по фагот е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот фагот. Наставната програма за фагот е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот на учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Неделниот фонд е 2 часа по 30 минути, односно годишен фонд - 72 часа.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ФАГОТ ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги прошири знаењата за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да развива способност за произведување на тон со помош на усник;
- да ја совладува техниката на дишење со помош на дијафрагма;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да ја запознава техниката на свирење скали во целиот опсег на фаготот од *B- контра* до а1;
- да ја развива техниката на изведување Атака;
- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
- да ја развива способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато, тенуто и др.
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет -фагот **III одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **Проширување на знаењата за инструментот и самоконтрола при поставување** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги проширува стекнатите знаења за инструментот фагот (неговите карактеристики, историја и начин на употреба);<br>-да развива самоконтрола на држење на фаготот;<br>-да врши самоконтрола за правилно држење на инструментот.<br>- да продолжи да развива контрола на прстите и правилно држење на истите;<br>- да продолжи да го држи инструментот под прав агол;<br>- да продолжи да ја развива свесноста на правилно држење на фаготот при свирење во стоечка положба;<br>-да продолжи да ја држи главата во правилна, исправена позиција;<br><br>-да ја усовршува | Правилен начин на употреба на инструментот<br><br>Правилна позиција на држење на главата при свирењето<br><br>-Употреба на дијафрагма при свирењето | | **Активност 1**<br>Употреба на огледалото во наставата, пр. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките.<br><br>**Активност 2**<br>Употреба на ремен на половината, со цел ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>**Активност 3**<br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух.<br><br>**Активност 4**<br>Употреба на огледало во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| самоконтролата при правилно дијафрагмично дишење;<br>-да се самоконтролира при земање на воздух за да не ги подига рамениците,<br>-да вежба издржување на долги фрази;<br>-да развива самоконтрола на поставеност на устата,<br>-да се преиспитува дали горната и долната усна се правилно поставени и дали со устата ја изговара буквата **О**<br>- да се преиспитува дали писакот му е правилно поставен во устата;<br>-да се самоконтролира писакот да биде поставен на долната усна при земање на воздух. | -Мелодиски вежби за долги фрази | | наставата, т.е. ученикот се поставува пред огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во писокот.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

Тема II – **Скали**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали (визуелно препознавање во самата скала);<br><br>-да демонстрира легато, портато, стакато тенуто; | Д-дур х- мол<br>Б-дур г-мол<br>А-дур фис-мол<br>Ес-дур ц-мол | Скали:<br>Дурска и молска | Активност 1.<br>Демонстрирање на соодветните скали **В** -контра до а1.<br><br>Активност 2.<br>Свирење на трозвуци и четворозвуци во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги демонстрира дадените скали напамет ;<br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | | | зададените скали (од молските скали се изведуваат само хармонските молски скали).<br><br>метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод,<br>метод на споредба. |

Тема III - **Технички вежби**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да продолжи да ја развива техниката на свирење на инструментот (да постигне повисок степен на контрола на дишењето, начинот на произведување на тонот со писакот и техниката на прстите);<br>-да ја усовршува контролата на дишењето.<br>-да научи како се изведува атака;<br>-да ги усовршува различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато и тенуто.<br>-да демонстрира триолските движења и | Технички вежби | -Триола<br>-Метро-ритмичка пулсација<br>-Темпо. | Активност 1.<br>Различна употреба на јазикот како средство за артикулација.<br>Активност 2.<br>Свирење на вежби со примена на триола.<br>Активност 3.<br>Свирење вежби во соодветно темпо.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пунктираните ноти со поголема прецизност,<br>-да го развива чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо;<br>-да ги совлада дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да развива чувство за чиста интонација. | | | |
| Тема IV – **Етиди** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го изведува нотниот текст со поголема прецизност;<br>-да ја развива техниката на свирење на инструментот;<br>-да го култивира звукот на изведбата на инструментот;<br>-да ја усовршува прецизноста на изведбата;<br>-да ја усовршува контролата на дишењето;<br>-да ја развива синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да ги усовршува различните видови на техника на артикулација на звукот; | -Етиди | -Синхронизација | **Активност 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност 4**<br>Слушање етиди. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги изведува етидите во зададеното темпо.<br>-да ја развива музичката меморија;<br>-да го развива чувството за метроритмичка пулсација и темпо. | | | Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки,<br>свирење на зададените етиди со ЦД. |
| Тема V - **Композиции со клавирска придружба** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го совладува нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го култивира звукот на изведбата на инструментот;<br>-да го развива уметничкиот израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>-да ги интерпретира различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да ја усовршува прецизноста на изведбата. | Збирка на композиции за фагот и клавир од Мирко Исаевски:<br>-Ј.Хајдн-Песна<br>-А.Тегнар<br>Шветска детска песна<br>-Мелиников<br>Руска песна<br>-Р.Шуман<br>Веселиот селанец<br>-К.М.Вебер- Валцер<br>-К.М.Вебер<br>Хорот на ловците<br>-Р.Терехин<br>Школа за фагот:<br>-Н. Мјасковски<br>Безаботнаја песенка<br>-А.Хачатуријан-Андантино<br>-В.А.Моцарт-Мајска песна | Корепетиција<br>Пијано | **Активност 1**<br>Анализа на композицијата.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност 3**<br>Проба со пијаното придружба.<br><br>**Активност 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност 5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Л.В.Бетовен-Сурок<br>-А.Вашеи<br>Руска колибелнаја | | монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците часовите по фагот треба да вклучуваат различни видови на музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од типот на ,,Детски албуми", музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини.
Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот. За пощиковито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува пеење на нотниот текст.
Се препорачува посета на концерти во текот на целата учебна година, како и слушање на разновидна музика а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини);

- тема I - **Запознавање со инструментот** - 2 часа;
- тема II - **Скали** - 12 часа;
- тема III - **Технички вежби** - 30 часа;
- тема IV - **Етиди** - 15 часа;
- тема V - **Композиции со клавирска придружба** - 13 часа.

- *Наставни средства:*
  - инструмент;
  - писок(трски);

- учебници по избор на наставникот;
- посета на концерти, оперски претстави, рецитали и други музички манифестации;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

Користена литература:
О. Хобалд
Ј. Ваисенборн
Ј. Ваисенборн Хофмаистер
К . Баташов - Р. Терехин

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.
Наставникот ја оценува способноста на ученикот за аналитички приод во изучувањето на дадените музички дела; техниката на изведбата на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тримесечје се добива оценака на поминатиот материјал, според критериумите за оценување на учениците по овој предмет. Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовните часови, јавни часови и настапи, концерти, натпревари и годишни испити по инструментот.
Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничка интерпретација на музичките дела и нема да го реализира предвидениот задолжителен материјал по предметот, се упатува на поправен испит.

**Годишен испит во јуни**
**Скали: Две скали (дурска и молска)**
**Етиди: 2 етиди од наведената литература, со различен карактер ( една мелодиски бавна, и една технички брза )**

**Оценување е описно со краток опис.**

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Целите и задачите на наставниот предмет фагот ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава, опремен со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичко училиште.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, вокално - инструментале оддел инструмент фагот. Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба да совлада правилна поставеност, правилно дијафрагмично дишење, правилна импустација, правилна употреба на јазикот, чиста интонација, стабилен и одреден ритам, да разликува стакато и легато и успешно да ја совлада наставната програма во согласност со развојните карактеристики на ученикот.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1225/1 од 09.04.2010 година,

координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал**: д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/5
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***фагот*** за III одделение на шестгодишното основно музичко образование на предлот на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010 година
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**